ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА 2021 ГОДИНА

## Образложенија кон финансиските извештаи

## СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА РСМ
Програма 20-Државна ревизија

Скопје,февруари 2022 година

ВОВЕД 637

## 1.1. Основање и статус

Државниот завод за ревизија е врховна ревизорска институција во Република Северна Македонија, основана со Закон донесен во 1997 година, со цел да се обезбеди правилно и ефикасно трошење на јавните средства.
Организацијата, надлежностите и работењето се утврдени со Законот за државна ревизија ("Службен весник на РМ" број 66/10,145/10,158/11 ,12/14, 43/14 и 154/15, 27/2016, 83/2018 и „Службен весник на РСМ" бр. 122/21 ).

## 1.2. Дејност

Државниот завод за ревизија спроведува државна ревизија на Буџетот на Република Северна Македонија, на буџетите на единиците на локалната самоуправа, на буџетите на Фондовите, корисниците и единките корисници на средства од буџетите, јавните претпријатија, Народната банка на РСМ, правните лица во кои државата е доминантен акционер, политичките партии финансирани со средства од Буџетот, агенциите и други институции основани со закон, другите институции финансирани од јавни средства и корисниците на средства од Европската унија и други меѓународни институции.

Државниот завод за ревизија со Годишната програма за работа која ја донесува главен државен ревизор го утврдува бројот на субјектите кои ќе бидат опфатени со државната ревизија како и видот на ревизиите кои ќе бидат спроведени.

## 1.3. Организациона поставеност

Со Правилникот за внатрешна организација на ДЗР заверен под број 01-803/1 од 28.08.2020 година и Правилникот за систематизација на работни места во Државен завод за ревизија (заверен со архивски број 01-803/1 од 28.08.2020 година и број 01-803/2 од 28.10.2020 година е уредена внатрешната организациска поставеност и работните места во Државниот завод за ревизија.

### Раководење и управување

Со Државниот завод за ревизија раководи главен државен ревизор.

Главен државен ревизор се избира врз основа на оглас. Главниот државен ревизор го претставува и застапува Државниот завод за ревизија.

Со Државниот завод за ревизија раководи и Заменик главен државен ревизор.

Заменик главниот државен ревизор го заменува главниот државен ревизор во негово отсуство .

Раководни работници во Државниот завод за ревизија се :Помошник главен државен ревизор и генерален секретар.

**Средства за работа**

Средствата за работа, согласно законот, Државниот завод за ревизија ги остварува:

- од Буџетот на Република Северна Македонија - за ревизиите на Буџетот на Република Северна Македонија, на буџетите на единиците на локалната самоуправа, на буџетите на Фондовите, на корисниците и единките корисници на средства од буџетите; политичките партии финансирани со средства од буџетот; другите институции финансирани од јавни средства за ревизиите на правните лица во кои државата е доминантен акционер, на јавните претпријатија, на Народната банка на Република Северна Македонија, на агенции и други институции основани со закон.

Своето редовно работење во 2021 година, Државниот завод за ревизија го врши преку следните сметки:

| **Сметки** | **програма** | **Извори на средствата** |
|---|---|---|
| 020021504063710 | 20 државна ревизија | Редовна сметка<br>средства од буџетот на РСМ |
| 020021504063119 | 20 државна ревизија | Средства на приходи остварени од органи |
| 020021504078545 | 20 државна ревизија | Проект од Меѓународна организација INTOSAI |

Седиштето на Државниот завод за ревизија е во Скопје, на улица „Павел Шатев" број 2 Палата „Емануел Чучков" .

## 2. СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Сметководствените политики се утврдени со „Основни сметководствени политики што се применуваат во изготвувањето на финансиските извештаи на Државниот завод за ревизија „ број 1701-844/2 од 31.12. 2008 година како и 01-852/1 од 21.11.2011 година.

# 3. БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА СМЕТКА 020021504063710

### 3.1.1 Трансфери и донации

Оваа позиција е проценета во висина на реализираните средства обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија, за Програма 20 - Државна ревизија , согласно одредбите од Законот за буџетите на раздел 02002 - Државен завод за ревизија и се проценети во 2021 година во вкупен износ од 112.623.000,00денари, реализиран во вкупен износ од 111.147.301,00 денари (2020 година – 93.954.316,00 денари).

### 3.2.1 Тековни расходи

#### 3.2.1.1 Плати, наемнини и надоместоци

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи, за средствата кои се обезбедени од Буџетот, согласно одредбите од Законот за буџетите и тоа по следните основи:

- основни плати (функционери и други вработени)
- персонален данок на доход од плата,
- придонеси од плати за Фонд за здравствено и пензиско осигурување,
- придонеси од плати за професионално заболување и вработување и
- придонеси за Агенција за вработување .

| Опис | Буџет 2021 | Реализирано 2021 | Разлика Буџет/Реализација | Реализирано 2020 |
|---|---|---|---|---|
| Основни плати, надоместоци и персонален данок на доход | 66.888.000 | 66.471.855 | 416.145 | 56.442.025 |
| Придонеси за социјално осигурување и вработување | 26.040.000 | 25.833.971 | 206.029 | 21.911.774 |
| Останати исплати-теренски додаток | 1.970.000 | 1.487.900 | 482.100 | 495.000 |
| **Вкупно:** | **94.898.000** | **93.793.726** | **1.104.274** | **78.848.799** |

На 31.12.2021 година во Државниот завод за ревизија вработени се 116 лица .

### 3.2.1.2 Стоки и услуги

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи, на сметката 637 за средствата кои се обезбедени од Буџетот, согласно одредбите од Законот за буџетите и тоа по следните основи:

- патни и дневни расходи, кои опфаќаат патни расходи во земјата и странство;
- комунални услуги, греење, комуникација и транспорт кои опфаќаат: расходи за електрична енергија, водовод и канализација, ѓубретарина, централно греење, течни горива, пошта, телефон и телефакс, како и расходи за горива и масла и регистрација на моторни возила;
- ситен инвентар, алат и други материјали за поправка, кои опфаќаат канцелариски материјали, списанија, весници и други изданија, други административни материјали, материјали за АОП, ситен инвентар, алат и други материјали за поправка.
- поправки и тековно одржување, кои опфаќаат поправки и одржување на возила, одржување на згради, поправки и одржување на мебел, поправки и одржување на хардвер и софтвер и поправки и одржување на опрема;
- Договорни услуги, кои опфаќаат банкарска провизија, осигурување на вработени, осигурување на моторни возила, преведувачи, услуги за копирање, печатење и издавање и други договорни услуги;
- други тековни расходи кои опфаќаат членарини за меѓународни организации, членарини во домашни организации, расходи за репрезентација и други оперативни расходи.

| Опис | Буџет 2021 | Реализирано 2021 | Разлика Буџет/Реализација | Реализирано 2020 |
|---|---|---|---|---|
| Патни и дневни расходи | 1.730.000 | 1.582.406 | 147.594 | 1.811.717 |
| Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 4.000.000 | 3.999.593 | 407 | 3.486.938 |
| Ситен инвентар, алат и други материјали за поправка | 1.142.000 | 1.141.447 | 553 | 1.145.608 |
| Поправки и тековно одржување | 3.153.000 | 3.016.487 | 136.513 | 2.337.048 |
| Договорни услуги | 2.475.000 | 2.418.036 | 56.964 | 3.084.442 |
| Други тековни расходи | 1.215.000 | 1.210.500 | 4.500 | 957.196 |
| **Вкупно:** | **13.715.000** | **13.368.469** | **346.531** | **12.822.949** |

#### 3.2.1.3 Разни трансфери

На позицијата разни трансфери планирани средства за 2021 година се 300.000,00 денари а реализирани се средства во износ од 291.580,00 денари за пензионирање на вработени и трансфери по други основи.

*во денари*

| Назив | Буџет за 2021 | Реализација за 2021 | Разлика Буџет/Реализација | Реализација 2020 |
|---|---|---|---|---|
| Трансфери | 300.000 | 291.580 | 8.420 | 191.194 |
| **Вкупно** | **300.000** | **291.580** | **8.420** | 191.194 |

### 3.2.2 Капитални расходи

На позицијата Капитални расходи планирани средства за 2021 година се 3.710.000,00 денари а реализирани се средства во износ од 3.693.526,00 денари

*во денари*

| Назив | Буџет за 2021 | Реализација за 2021 | Разлика Буџет/Реализација | Реализација за 2020 |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| Купување на опрема и машини | 2.177.000 | 2.162.705 | 14.295 | 603.193 |
| Купување на канцелариски мебел | 673.000 | 672.871 | 129 | 403.844 |
| Вложување во нефинансиски средства | 860.000 | 857.950 | 2.050 | 1.084.337 |
| **Вкупно** | **3.710.000** | **3.693.526** | **16.474** | **2.091.374** |

## 4. БИЛАНС НА СОСТОЈБА

**Актива-вкупно изнесува 386.959.215 денари во која влегуваат нематеријалните и материјалните средства во износ од 375.568.853 паричните средства и побарувањата во износ од 9.765.252 и материјалите и ситниот инвентар во износ од 1.625.110 денари.**

## 4.1 Тековни средства

### 4.1.1 Побарувања од вработените

Оваа позиција е проценета во висина од 292.634,00 денари (2020 година 333.564 денари) и се однесуваат на побарувања кон вработените за исплатени средства за Виза картици и останати побарувања.

### 4.1.2 Активни временски разграничувања

Оваа позиција е проценета во висина од 9.472.618,00 денари (2020 година – 7.512.231,00 денари) и се состои од вкалкулираните обврски кон добавувачите во износ од 1.163.527,00 денари, плати и други надоместоци за вработените за месец декември 2021 година во износ 8.291.313,00 денари како и обврски кон лица вработени по договор на дело во износ од 17.778,00 денари.

### 4.1.3 Залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар

Состојбата на позицијата на материјали, резервни делови и ситен инвентар на ден 31.12.2021 година е прикажана во следната табела:

*во денари*

| Опис | 31 декември 2021 | 31 декември 2020 |
|---|---|---|
| Залиха на канцелариски материјали | 1.607.577 | 1.718.028 |
| Ситен инвентар на залиха | 17.533 | 12.432 |
| **Вкупно** | **1.625.110** | **1.730.460** |

## 4.2 Постојани средства

### 4.2.1 Нематеријални средства

Во оваа позиција се евидентирани компјутерските софтвери кои се со вкупна сегашна вредност од 8.549.427 денари.

### 4.2.2 Материјални средства

Оваа позиција е проценета во висина на капиталните вложувања и е во износ од 367.019.426 денари за стекнување на:

- Целокупната опрема која во смисла на законските прописи претставува возила,зградата на ДЗР која е воведена во сметководствената евиденција за 2021 година согласно добиената процена на вредноста на недвижниот имот број СВ V 156/21 од страна на Бирото за судски вештачења (наш архивски број 01-1172/2 од 29.12.2021 година ) компјутерска опрема,

канцелариски мебел, опрема за ПТТ сообраќај и друго намалени за исправката на вредноста
- Книги во библиотека

**Пасива –вкупно изнесува 386.959.215 денари од кои извори на средства вкупно 377.193.963 денари и тековните обврски во износ од 9.765.252 денари.**

## 4.3 Тековни обврски

### 4.3.1 Краткорочни обврски спрема добавувачи

Оваа позиција е проценета во висина од 1.163.527,00 денари (2020 година – 734.647,00 денари) а се состои од обврски кон добавувачите за извршени набавки на стоки и услуги во земјата..

### 4.3.2 Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените

Оваа позиција е проценета во висина од 8.309.091,00 од кои 8.291.313,00 денари (2020 година – 6.777.584 денари) по основ на пресметана неисплатена бруто плата на вработените за месец декември 2021 година и 17.778,00 денари по договор за дело за месец 12/2021 година.

### 4.3.3 Пасивни временски разграничувања

Оваа позиција е проценета во висина од 292.634,00 денари (333.564,00 денари - 2019година) за евидентирани побарувања кон коминтенти како и побарувања од вработените за виза картици искажани во активата на Билансот на состојба за истиот износ.

## 4.4 Извори на средства

### 4.4.1 Извори на капитални средства

Вредноста на позицијата Извори на капитални средства на ден 31.12.2021 година е проценета во вкупен износ од 374.223.689,00 денари (државен јавен капитал во износ од 372.598.578 ,останат капитал во износ од 1.625.111 ) како и ревалоризациона резерва во износ од 2.970.274 денари, додека во 2020 година овој износ изнесувал 16.741.395,00 денари . Промените на изворите на капитални средства е прикажана во посебен Преглед за движењето на капиталот.

Изработил: Данче Ангеловска ,
Раководител на одделение за буџетска контрола и плаќања

Средства од буџетот на РСМ

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2021 ГОДИНА
сметка 637

во денари

| Опис на позицијата | Образложение | Буџет 2021 | Реализирано 2021 | Реализирано 2020 |
|---|---|---|---|---|
| **Приходи** | 3.1 | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1 | 112.623.000 | 111.147.301 | 93.954.316 |
| **Вкупно приходи** | | 112.623.000 | 111.147.301 | 93.954.316 |
| **Расходи** | 3.2 | | | |
| **Тековни расходи** | 3.2.1 | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1.1 | 94.898.000 | 93.793.726 | 78.848.799 |
| Стоки и услуги | 3.2.1.2 | 13.715.000 | 13.368.469 | 12.822.949 |
| Разни трансфери | 3.2.1.3 | 300.000 | 291.580 | 191.194 |
| **Вкупно тековни расходи** | | 108.913.000 | 107.453.775 | 91.862.942 |
| **Капитални расходи** | 3.2.2 | **3.710.000** | **3.693.526** | **2.091.374** |
| Капитални расходи | 3.2.2.1 | 3.710.000 | 3.693.526 | 2.091.374 |
| **Вкупно капитални расходи** | | 3.710.000 | **3.693.526** | 2.091.374 |
| **Вкупно расходи** | | 112.623.000 | 111.147.301 | 93.954.316 |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | | | | |

Средства од буџетот на РСМ

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ 2021
## 637

во денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2020 | 2021 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | 4.1. | | |
| Побарувања од вработените | 4.1.1. | 333.564 | 292.633 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.2. | 7.512.232 | 9.472.618 |
| Залихи | 4.1.3. | 1.730.461 | 1.625.110 |
| **Вкупно тековни средства** | | **9.576.257** | **11.390.361** |
| **Постојани средства** | 4.2 | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | 5.363.237 | 8.549.427 |
| Материјални средства | 4.2.2. | 9.647.696 | 367.019.427 |
| **Вкупно постојани средства** | | **15.010.933** | **375.568.854** |
| **Вкупна актива** | | **24.587.190** | **386.959.215** |
| **Вонбилансна актива** | | | |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | 4.3 | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 734.647 | 1.163.527 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.2. | 6.777.584 | 8.309.091 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.3 | 333.564 | 292.634 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **7.845.795** | **9.765.252** |
| **Извори на средства** | 4.4. | | |
| **Ревалоризациона резерва** | | | 2.970.274 |
| Извори на капитални средства | 4.4.1 | 16.741.395 | 374.223.689 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **16.741.395** | **374.223.689** |
| **Вкупна пасива** | | **24.587.190** | **386.959.215** |
| **Вонбилансна пасива** | | | |

**Државен завод за ревизија**
**Сметка на основниот буџет 637**

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2021 ГОДИНА**

**во денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2021 година** | **15.010.933** | **1.730.460** | **16.741.393** |
| **Зголемување по основ на:** | **376.254.749** | **938.535** | **377.193.284** |
| Набавки | | | - |
| Зголемување на вредноста (капитализација) | 365.178.319 | 938.535 | 366.116.854 |
| По попис 2020 | | | |
| Ревалоризација на капитални средства | 11.070.230 | | 11.070.230 |
| Книги во библиотека | 6.200 | | 6.200 |
| **Намалување по основ на:** | **15.696.829** | **1.043.885** | **16.740.714** |
| | | | - |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | 8.267.235 | | 8.267.235 |
| Отпис на капитални средства | 678.575 | | 678.575 |
| Амортизација | 6.751.019 | | 6.751.019 |
| Издатници | | 1.043.885 | 1.043.885 |
| **Состојба 31.12.2021 година** | **375.568.853** | **1.625.110** | **377.193.963** |